| MACEDONIAN FISHING FEDERATION<br>Add: Bulevar “KocoRacin” 75Skopje<br>RepublikaMakedonija<br>Tel./fax: +389 2 31 64 539<br>E.mail: macfederation@yahoo.com<br>contact@mrf1952.mk<br>Website: www.mrf1952.mk | | МАКЕДОНСКА РИБОЛОВНА ФЕДЕРАЦИЈА<br>Адреса: Бул. “ Кочо Рацин“ 75<br>Скопје, Република Македонија<br>Тел/факс: +389 2 31 64 539<br>E.mail: macfederation@yahoo.com<br>contact@mrf1952.mk<br>Website: www.mrf1952.mk |
|---|---|---|


Врз основа на член 43 од Статутот на Македонската Риболовна Федерација, Управниот Одбор на Македонска Риболовна Федерација донесува:

# ПРАВИЛНИК ЗА ДИСЦИПЛНСКА ПОСТАПКА

## ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Правилникот за дисциплинска постапка (во понатамошниот текст: дисциплински правилник) на Македонска Риболовна Федерација (во понатамошен текст Правилник) ги утврдува прекршоците, одговорноста, казните и постапката за нивно изрекување, како и други прашања во врска со не почитување на општите акти и одлуки на Македонска Риболовна федерација (во понатамошен текст МРФ).

Член 2

Членовите на МРФ со свои општи акти ги уредуваат прашањата на дисциплинска одговорност во однос на кршењето на клупската дисциплина.
Изрекувањето на казни за прекршување на клупската дисциплина не ја исклучува дисциплинската одговорност по овој правилник и обратно.

Член 3

Со пропозициите за натпреварување можат да се утврдат и други прекршоци и казни во врска со соодветното натпреварување.

Член 4

Овој Правилник ги обврзува сите членови на МРФ и нивните органи, тела и лица именувани во тие органи и тела, како и други лица кои извршуваат било каква должност во МРФ.

Член 5

Никој не може да се смета за сторител на прекршок пред тоа да се утврди со правосилна одлука на Управниот Одбор на МРФ.

Член 6

За прекршок кој ќе го направат органите на МРФ може да бидат казнати и одговорните лица во тие органи. За прекршоците кои ќе ги сторат членовите на клуб одговараат и клубовите.

Член 7

Органите и клубовите прават прекршок ако до негово извршување дошло со знаење или со пропуштање од страна на органот или на одговорното лице или на друго лице кое било овластено да истапува во име на органот на таа организација.

Член 8

Одговорност на одговорното лице постои доколку до извршување на прекршокот дошло врз основа на негови постапки или пропусти. Одговорноста на одговорното лице не престанува со престанок на членството или должноста во органот или основната организација.

Член 9

Овој Правилник се применува без оглед на тоа дали прекршокот е направен на територијата на Република Северна Македонија или во странство. Доколку со меѓународни прописи прифатени од страна на МРФ не е поинаку одредено.
Овој Правилник се применува и на лицата кои се странски државјани, а кои се членови на МРФ.

Член 10

Не познавањето на општите акти на Правилникот не ја исклучуваат одговорноста на сторителот на прекршокот.

## ДИСЦИПЛИНСКИ ПРЕКРШОК

Член 11

Дисциплинскиот прекршок е дело против рекреативниот риболов и риболовниот спорт чии обележја се одредени со овој Правилник.
Извршителот е одговорен кога прекршокот ќе се стори со умисла или од небрежност. Не се смета за прекршок, во смисла на овој Правилник, ако е направен во крајна нужда, нужна одбрана или правна заблуда.

Член 12

За прекршокот одговара сторителот на прекршокот, како и оној кој го поттикнувал или помагал при извршувањето на прекршокот.

Член 13

Обидот се казнува само ако е така утврдено со овој Правилник.

## ВИДОВИ КАЗНИ

Член 14

На извршителот на прекршокот може да му се изречат следните казни:

(14.1) Опомена;

(14.2) Забрана за натпреварување во одреден временски период;

(14.3) Забрана за издавање на легитимација за рекреативен риболов во одреден временски период;

(14.4) Забрана за вршење на должност во одреден временски период;

(14.5) Временска забрана на натпреварување и вршење на должност;

(14.6) Казна за изречена клевета и навреда;

(14.7) Доживотно исклучување од МРФ;

(14.8) Времена или доживотна забрана за настап во било која национална селекција.

Член 15

Опомената се изрекува за прекршоци сторени под особено лесни околности за кои е инаку предвидена казна забрана на натпреварување или вршење на должности на одреден временски период ако органот кој ја води постапката оцени дека и со ваква казна ќе се постигне целта на казнувањето.

Член 16

Казната за време на забрана за натпреварување или вршење на должност подразбира забрана на учество на натпревар или вршење на должност во одреден временски период и се изрекува на полни месеци и полни години.

Казната за времена забрана на натпреварување или вршење на должност се изрекува во траење до 5 години.

Во случај кога казната се изрекува на сторител на прекршок кој издржува порано изречена казна може да се изрече единствена временска казна во траење подолго од пет (5) години, а најмногу до седум (7) години.

Член 17

Сторителот (извршителот) кој за друг изнесува или произнесува нешто невистинито, ја клевети или навредува МРФ или нејзини членови, носители на функции или органи, со што им наштетува на честа и угледот ќе се казни со забрана за вршење на работи во МРФ и риболовниот спорт во целост до три (3) години.

Ако тоа што невистинито се изнесува или се пренесува е од такво значење што довело или можело да доведе до тешки последици за оштетениот или на МРФ, извршителот ќе се казни со забрана за вршење работи во МРФ и во риболовниот спорт до седум (7) години.

Член 18

Казната доживотно исклучување од риболовниот спорт се изрекува за прекршоци кои се сторени под посебно тешко околности, кога сторителот при неговото извршување покажал посебна одлучност, упортност или безобзирност или предизвикал особено тешки последици по честа и угледот на МРФ и нејзините органи со изнесување на невистини, клевети, лаги и навреди.

Казна доживотно исклучување може да се изрече на сторител кој по првото казнување стори нов, ист или сличен прекршок.

Член 19

При изрекувањето на временската казна за забрана или забрана на вршење должности, надлежниот орган може да го одложи извршувањето на изречената казна за време кое не може да биде пократко од шест (6) месеци, ниту подолго од една (1)година, со што изречената казна нема да се изврши ако сторителот во тој период не направи нов прекршок. Одложувањето на изречената казна ќе се одреди доколку спрема околностите под кои е направен прекршокот и спрема однесувањето на извршителот после неговото извршување, како и имајќи предвид неговиот поранашен живот, надлежниот орган оцени дека извршителот и без извршување на изречената казна во иднина нема да прави прекршоци, како и тоа дека со самото изрекување на казната ќе се оствари целта на казнувањето.

## ОДМЕРУВАЊЕ НА КАЗНИ

### Член 20

При одмерувањето на казната се земаат предвид сите околности кои влијаат казната да биде поголема или помала, а особено:
(20.1) тежината на сторениот прекршок,
(20.2) степенот на одговорноста на сторителот,
(20.3) последиците сторени со прекршокот,
(20.4) причините и околностите под кои е направен прекршокот,
(20.5) моралните особини на сторителот и однесувањето после направениот прекршок.

### Член 21

Отежнителни околности постојат кога прекршокот е направен повторно од сторителот, кога постојат особено тешки последици или други околности заради кои прекршокот добил потежок облик. Сторителот е повратник ако порано бил казнуван за направен прекршок, а не поминало повеќе од две (2) години, сметајќи од денот на издржаната казна.

### Член 22

Олеснителни околности постојат во исклучителни ситуации кога сторителот пред направениот прекршок имал примерно спортско однесување и морал или пак на тоа укажува неговиот стаж, угледот и учеството во репрезентацијата или други заслуги и признанија за развој на риболовниот спорт. Признанието на сторителот на прекршокот, освен во случај на каков било физички напад од страна на кој било учесник се смета за олеснителна околност.

### Член 23

Во случај на одмерување на казна за повеќе прекршоци за кои истовремено се одлучува најнапред се утврдува казна за секој прекршок одделно, а потоа се донесува одлука за единствената казна и тоа спрема следното:
(23.1) Ако за еден прекршок е утврдена казна доживотно исклучување се изрекува само таа казна,
(23.2) Ако се изречени повеќе временски казни за забрана на натпреварување, или вршење на должност или казна забрана на натпревар или вршење на должност на одреден број натпревари, се спојуваат во една казна која треба да биде помала од збирот на изречените казни,

(23.3) Ако за еден прекршок е изречена времена казна забрана на натпреварување или вршење на должност, а за други забрана за натпреварување или вршење на должност на одреден број натпревари, тогаш се утврдува единствена временска забрана на натпревар или вршење на должност.

Член 24

Покренувањето на дисциплинска постапка застарува во рок од една (1) година сметајќи од денот на извршувањето на прекршокот. Дисциплинската постапка не може да се води доколку во рок од една (1) година од денот на почеток на постапката не е донесена првостепена одлука.

## ГАСНЕЊЕ, БРИШЕЊЕ И ИЗДРЖУВАЊЕ НА КАЗНА

Член 25

Застарување на казната почнува од денот кога станала правосилна, а кај условната казна од денот кога правосилно е нејзиното извршување. Издржувањето на временската казна или казна за одреден број натпревари не тече за време на издржување на казна затвор изречена од страна на надлежен државен орган или натпреварување во странство.

Со истекот на една година од денот на издржаната, простена или застарена казна, казнетиот се брише од евиденцијата на казнетите.

Условната казна се брише од евиденцијата на казнети со истекот на три месеци, сметајќи од денот на истекот на времето за кое извршувањето било одложено.

## ЕВИДЕНЦИЈА НА КАЗНА

Член 26

Евиденцијата на изречените казни се води од страна на службите во МРФ во посебен регистар.

## ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА И НАДЛЕЖНОСТ ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ

Член 27

Дисциплинската постапка се покренува врз основа на пријава, која може да ја поднесе секој член на МРФ, секое службено лице, орган, тело на МРФ или организација членка на МРФ.

Член 28

Одлука за казна и дисциплинкса мерка носи Управниот одбор на МРФ со прависилна одлука.

Во донесувањето на дисиплинската мерка и казна може да учествува и Дисципинска комисија која се формира од страна на Управниот одбор на МРФ со определена цел и има времен карактер.

Дисциплинската комисија може да предложуава заклучоци до Управниот Одбор на МРФ, а одлука носи Управниот одбор на МРФ.

Член 29

Дисциплинската комисија се состои од тројца (3) членови кои ги именува Управниот одбор на МРФ. Дисциплинската комисија расправа и донесува заклучоци и истите ги проследува до Управниот одбор на МРФ.

На дисциплинската комисија, во работата, може да им помагаат стручни соработници на кои можат да им се доверат поединечни работи.

Член 30

Дисциплинската комисија носи заклучоци и предлози по спроведената постапка и прибавените изјави од учесниците, кои можат да бидат и во писмена форма. Во случај да некој од учесниците своеволно одбие да даде изјава, дисциплинската мерка може да се изрече и без негова изјава.

Член 31

Одлука за казна и дисциплинкса мерка Управниот одбор на МРФ може да донесе и без заклучок од страна на Дисциплинската комисија.

Член 32

Во случај на исклучување на натпреварувач на натпревар и во случај на поднесена пријава од страна на судијата, суспензијата е автоматска и трае најмногу 2 (два) натпревара до донесување на конечна одлука од страна на Управниот одбор на МРФ.

Член 33

Против одлуката на Управниот Одбор може да се изјави жалба до Собранието на МРФ како највисок орган на МРФ.

Член 34

Жалбата може да ја поднесе подносителот на пријавата, казнетиот и клубот за свој натпреварувач.

Член 35

Оној кој не ги извршува и не ги почитува одлуките на МРФ, ќе се казни со временска забрана на натпреварување или вршење на должност до две (2) години.

Член 36

Оној кој пред органите на МРФ непристојно или неспортски се однесува, ќе се казни со временска забрана за натпреваруање или вршење на должност до една (1) година.

Член 37

Оној кој навредливо се изразува или изнесува и пренесува невистина за раководството, клубот-екипата или за член на МРФ:

(37.1) Ќе се казни со временска забрана за натпреварување или вршење на должност во траење до една (1) година.

(37.2) Оној кој ќе стори повреда од став 1 на овој член преку средствата за јавно информирање, ќе се казни со временска забрана за натпреварување или вршење на должност до три (3) години.

Член 38

Клуб-екипа која кон МРФ нема да ги исполни своите обврски и не ги извршува обврските т.е должностите:

(38.1) Ќе се казни со забрана за право на настап од 1-3 натпреварувачки сезони.

Член 39

Оној кој ќе изјави или на друг начин свесно ги доведува во заблуда органите на МРФ, телата или функционерите во тие органи, па заради тоа се донесе одлука која инаку не би се донела:
(39.1) Ќе се казни со забрана на натпреварување или вршење на должност на одреден број години;

Член 40

Оној што ќе даде лажен исказ во постапката пред МРФ:

(40.1) Ќе се казни со забрана за натпреварување или вршење на должност во траење до една (1) година.

(40.2) Ако делото од став 1 на овој член го направи клуб, ќе се казни со забрана за учество на натпревари при организација на МРФ.

Член 41

Оној кој на јавно место како член на МРФ недолично се однесува:

(41.1) Ќе се казни со забрана за натпреварување или вршење на должност на одреден број на натпревари, или со временска забрана на натпреварување или со забрана за вршење на должност во траење до три (3) години,

(41.2) Оној кој недолично се однесува на риболовниот натпревар, а не е учесник на натпреварот ќе се казни со временска забрана на натпреварување или вршење на должност во траење до една (1) година.

Член 42

Клуб-екипа која нема навремено да го пријави времето и местото на одржување на натпреварот:
(42.2) Таа екипа е должна да ја надомести штетата на учесниците на натпреварот во согласност со Пропозициите за натпреварување.

Член 43

Играч, функционер или тренер кој физички ќе нападне противнички натпреварувач, функционер или тренер за време на натпревар:

(43.1) Ќе се казни со забрана за натпреварување или вршење на должност на одреден број на натпревари,

(43.2) Во потешки случаи ќе се казни со временска забрана за натпреварување или вршење на должност до две (2) години.

Член 44

Играч, тренер или друг член на МРФ кој неспортски се однесува или јавно ги критикува одлуките на судиите:

(44.1) Ќе се казни со забрана за натпреварување или вршење на должност на одреден број натпревари.

Член 45

Играч кој настапил за друг клуб без одобрение на својот клуб и Управниот Одбор на МРФ:
(45.1) ќе се казни со забрана за натпреварување до три (3) години.

Член 46

Играч, функционер или тренер кој учествува во репрезентацијата или на меѓународни натпревари и со своите постапки нанесе штета на угледот на МРФ:

(46.1) Ќе се казни со временска забрана на натпреварување или вршење на должност до три (3) години;

(46.2) Доколку постапката (сторувањето) е направено под особено отежнителни околности, може да се изрече и казна на доживотно исклучување;

(46.3) Ако прекршокот го стори клуб, ќе се казни со суспензија од натпреварувањето.

Член 47

Играч кој истовремено ќе се пријави за повеќе клубови:

(47.1) Ќе се казни со временска забрана на траење до една (1) година.

Член 48

Клубот кој знаел дека играчот веќе дал изјава за пристапување кон друг клуб и прими изјава за преоѓање на играчот во свој клуб, а во ист преоден рок:

(48.1) ќе се казни со суспензија од натпреварувањето.

Член 49

Делегат или судија кој несовесно, немарно или недоволно ангажирано ја врши својата должност ќе се казни со забрана за вршење на должност до една (1) година.

Делегат или судија кој ќе се обиде или ќе изврши физички напад врз кој било учесник на натпреварот или врз гледач ќе се казни со забрана за вршење на должност до две (2) години.

Член 50

Клуб кој ќе натпреварува во странство без одобрение на МРФ ќе се казни со забрана за учество во систем на натпревар при организација на МРФ во времетраење од една (1) до три (3) години.

Играч кој без одобрение од клубот и од МРФ настапил за странска екипа ќе се казни со забрана за натпреварување до две (2) години.

Член 51

Рекреативен риболовец кој ќе биде фатен во криволов со не дозволени риболовни средства ќе биде казнет со забрана за издавање на легитимација за рекреативен риболов во одреден временски период.

Член 52

Предлог за изрекување на мерката предвидена во член 52 до МРФ, дава здружението/концесионер каде што е направен прекршокот.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 53

За сѐ што не е пропишано со овој Дисциплински правилник, ќе се применуваат дисциплинските одредби кои ќе бидат донесени од страна на Управниот одбор на МРФ.

Член 54

Дисциплинската постапка започната пред стапување во сила на овој Правилник, која не е завршена со донесување на одлука за казна, ќе се продолжи според одредбите на овој Правилник.

Член 55

За водење на дисциплински постапки, започнати пред стапување во сила на овој Правилник, надлежен е Управниот Одбор на МРФ и сите одлуки донесени од негова страна се конечни и валидни.

Член 56

Овој Правилник стапува на сила од денот на донесувањето.

Скопје, 10.08.2022 година

Претседател на МРФ
Проф. д-р Васил Костов